Process Safety Beacon
Messages for Manufacturing Personnel
www.aiche.org/ccps/process-safety-beacon

An AIChE Technology Alliance
CCPS Center for Chemical Process Safety
aiche.org/ccps

This issue sponsored by
DEKRA
www.dekra.us/process-safety

# Кога знаете ‘зошто’ активностите се побезбедни

Април 2025



*Слика 1. Придвижувач на вентил со означени завртки за монтажа*



*Слика 2. Означени завртки и навртки на капакот на вентилот за задржување на притисокот*





*Слика 3. Вентилот после инцидент*

Во 2021 година, тројца контрактори во постројка во Ла Порт, Тексас, отстранувале придвижувач на вентил со чеп. Придвижувачот се отстранувал за вентилот да се користи како уред за изолација на енергија при поправка на цевковод. При отстранувањето на придвижувачот, работниците ненамерно отстраниле компоненти кои ја задржувале притисочната сила во вентилот, по што притисокот го исфрлил чепот од телото на вентилот. Приближно 74.545 килограми (164.000 паунди) корозивна и токсична мешавина од глацијална оцетна киселина и метил јодид се ослободиле од отворениот вентил. Сите тројца работници биле испрскани со опасната мешавина. Двајца од нив починале од здобиените повреди. Уште еден контрактор и еден вработен од компанијата кои интервенирале на инцидентот биле тешко повредени. Дваесет и девет други лица биле пренесени во медицински установи за понатамошна проценка и третман. *(Извор: CSB извештај бр. 2021-05-I-TX)*

Сличен инцидент се случил во Батон Руж, ЛА, во 2016 година. Во тој случај дошло до истекување на изобутан, кој се запалил и тешко изгорел четворица работници. *(Извор: CSB извештај бр. 2016-02-I-LA и CCPS Beacon, декември 2021)*

Овие инциденти имаат три заеднички фактори:

1. Контракторите или операторите немале процедура за отстранување на придвижувачот.

2. Контракторите или операторите не биле обучени за отстранување на придвижувачот.

3. Други работници биле присутни во областа за да асистираат при отстранување на придвижувачот кои можеби нагласиле да се отстранат погрешни навртки.

## Дали знаете?

- Сите критични активности побаруваат процедури.
- Оперативните и процедури за Одржување треба да бидат напишани така што се лесно разбирливи од страна на тие што е потребно да ги користат.
- Критичните процедури е потребно корисникот да ги има со себе на локацијата кога ја изведува задачата.
- Обуката треба да побарува лицата кои се обучени да покажат дека ја разбираат обуката и можат да ја извршат активноста коректно.
- За да се зголеми веројатноста дека задачата ќе се изврши коректно, вашно е обучените да разберат зошто процедурата треба да се изврши на тој специфичен начин.

## Што можеш да направиш?

- Доколку не е достапна работна процедура – ЗАПРИ СО РАБОТА и разгледај како да ја извршиш задачата безбедно.
- Кога креирате или ревидирате процедури а опасни или критични активности, користете дијаграми и слики за да ги назначите главните фактори на ризик.
- Потпишани листи за проверка исто така ги прават процедурите поефективни.
- Прашај го твојот супервизор кога инструкциите не се јасни.
- За време на обуката, поставувај прашања за да ја разбереш задачата која се извршува на специфичен начин.
- Кога обучуваш други, посвете време да објасниш зошто и како критичната задача се извршува и трпеливо одговарај ги прашањата.
- Кога разгледувате или ревидирате процедури, земете ги на работната локација за да потврдите дека одговараат на условите на лице место.

**Обука + Процедури + Разбирање ‘Зошто’ = Успех**

©AIChE 2025. All rights reserved. Reproduction for non-commercial, educational purposes is encouraged. However, reproduction for any commercial purpose without express written consent of AIChE is strictly prohibited. Contact us at ccps_beacon@aiche.org or +1 646-495-1371.